# КРИТИКИ И ПРИКАЗИ

## БОГОМИЛСТВОТО НА БАЛКАНОТ ВО СВЕТЛИНАТА НА НАЈНОВИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

**(Зборник на материјали од Симпозиумот одржан во Скопје на 30, 31 мај и 1 јуни 1978 година), Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1982**

Во 1982 година, во издание на Македонската академија на науките и уметностите, Српската академија на науките и уметностите и Академијата на науките и уметностите на Босна и Херцеговина излезе од печат зборникот на материјали од Симпозиумот одржан во Скопје на 30, 31 мај и 1 јуни 1978 година под наслов „Богомилството на Балканот во светлинана на најновите истражувања.

Богомилството неоспорно спаѓа меѓу темите што побудувале поголемо влијание и интересирање на европските и светските научни центри. Средновековните ереси заземаат значајно место во историјата на балканските земји. Речиси непрекинато во период од пет векови еретичките движења влијаеле врз верувањата, начинот на животот и културата на одделни, некогаш поголеми некогаш помали, делови од Балканскиот Полуостров. Задушени на една страна, тие искрснувале на друга; им се поместувало тежиштето, се менувале околностите на нивниот развој, но се одржувал континуитетот на протестот, незадоволството од светот и неговиот поредок. Оттука е разбирливо зошто научниците на балканските земји повеќе од еден век се живо заинтересирани за средновековните ереси. И сите други научници што се занимавале со историјата на Балканот во средниот век не ја заобиколувале оваа тема. Богомилството, односно неговото проучување не останало само во доменот на црковната историја и историјата, туку станало предмет на учените напори на специјалисти од цела низа научни области. Како што не останало во границите на одделни национални историографии, богомилската проблематика не останала ни во рамките на одделни научни дисциплини.

Во зборникот се објавени реферати на учесници од Македонија и од други републики и автономни покраини на СФРЈ, како и прилози на учесници од следниве земји од странство: СССР, Турција, Бугарија, и САД.

Иако досега многу е пишувано во историографијата за потеклото на богомилството и неговиот ка-

рактер, за неговата територијална распространетост и организација, за неговиот одраз во фолклорот и во другите области од духовнист живот на нашите народи, сепак голем дел од богомилската проблематика останува и до денеска нерешена. Тоа се должи пред сè на недоволната архивска документација зачувана од самите богомили, која во прогоните од страна на тогашните државни и црковни власти е уништувана безмилосно, па научните работници се принудени да се служат со граѓата на нивните непријатели која секако ги претставува богомилите во најлоша светлина.

Со објавувањето на овој зборник, во којшто се застапени трудовите на неколку специјалисти по оваа проблематика, се изврши рекапитулација на сè она што е во најново време постигнато, се продлабочија и дооточнија некои аспекти од досега објавената литература за богомилството. Во трудовите се обработени прашања сврзани со точното време и место на неговото настанување составните елементи и влијанија на поранешните верски учења во него, причините за неговата појава и развој, класниот карактер на неговите носители и на неговите опоненти, неговиот одраз и остатоци во народното творештво.

Ова верско учење, како што е потцртано во рефератите поместени во овој зборник, подоцна се карактеризира со мошне нагласена социјална компонента. Тоа се простирало на Балканско-анадолскиот простор, проширувајќи се во Западна Европа, но во сите области на Балканот, тоа се јавува периодично, додека на македонскиот простор континуирано трае до втората половина на петнаесеттиот век. Условите за неговата појава треба да се бараат, како што се наведува во рефератите, во постоењето на старите дуалистички ереси и во економските предуслови. Тоа претставува отпор на обесправените селани кон феудалното малцинство.

Во настојувањето да се открие вистинската суштина и карактер на богомилството, а во недостаток на јасно зацртаните норми на неговото учење од самите богомили, научните работници честопати застапувале сосема спротивни гледишта и во остри дискусии настојувале да ги заштитат своите погледи и ставови. Како резултат на досегашните истражувања се појавиле и некои општи дела и посебни статии коишто во голема мера ги збогатија нашите сознанија за богомилството и за неговото учење. Но сепак останале бројни поединости кои се од огромно значење за целосното решавање на богомилскиот проблем на чиешто објаснување треба уште многу да се истражува со творечки приод.

Во почетокот на зборникот најнапред е поместен предговорот кон ова издание, па потоа следуваат поздравните говори, а на крајот се дадени трудовите на учесниците што ги доставија своите реферати за печатење, и тоа: Драгољуб Драгојловић, Почеци богомилства на Балкану; Г. Г. Литаврин, О социјальнъх возерениях богомилов; Драган Ташковски, Класниот и социјалниот карактер на богомилството; Стјепан Антољак, Македонски херетици у западним изворима 11. и 12. стољећа; Бранко Панов, Кон

некои прашања за богомилството во Македонија за времето на Комнените; Е. П. Наумов, Сербские средновековне источники о богомилстве; Димитар Ангелов, Выпроси на богомилството в средновековна България;

Emil Esin,. The Conjectural Links of Bogomilism with Central Asian Manicheism; Вера Антиќ, Дуалистички елементи во македонскиот фолклор; John V. Fine, Zaključci mojih poslednjih istraživanja o pitanju Bosanske crkve; Pathrique Lecaque, Contribution à l'etude des stećci de Bosnie et Herzegovine: les stèles du Lauragais sont-elles cathares?; Vera Gerezdorfer, Katari — bogomilli — trubaduri; Salih H. Alić, Bosanski krstjani i pitanje njihovog porijekla u odnosa prema manihejstvu: Alojz Benac, Jedan istoriski pogled na izučavanje stećaka; Сима М. Ћирковић, Глосе Срећковић јеванђеља и учења босанске цркве; Борислав Примов, Разространение и влияание на богомилството в Западна Европа; Нада Милетиќ Stećci-arheološki i likovni aspekt; Александар Стојановски, За една можна трага од богомилството во турските пописни книги од XV век.

Во уводниот реферат на д-р Драгољуб Драгојловиќ под наслов „Почетоците на богомилството на Балканот", се третираат две основни прашања: генезата на богомилството и начинот како тоа се развивало и одвоило од другите присутни ереси и континуитетот на богомилското движење којшто единствено е целосен во Македонија, додека во другите места каде што се појавило тоа, имало неконтинуиран развиток. Ова авторот го докажува врз основа на основа на собраната изворна граѓа.

Професорот Генадиј Литаврин од СССР во својот реферат на тема: „За социјалниот карактер на богомилите" се задржува на две битни страни на богомилството: односот на религиозната доктрина на учењето на богомилите и социјалната страна на нивната активност, и социјалниот состав на основната маса на приврзаниците на богомилството.

Во рефератот „Кон некои прашања за богомилството во Македонија за време на Комнените" проф. д-р Бранко Панов од Скопје покрај обработката на писмата на Т. Охридски изнесува на показ и виделина повеќе веродостојни податоци за богомилството во Македонија, којашто била жариште на богомилството, и во другите соседни земји за време на Алексеј I Комнен.

Академикот Димитар Ангелов од Софија во својот реферат под наслов „Односите на богомилството во Средновековна Бугарија" се задржува врз прашањето на суштината на богомилството, неговото поврзување со христијанската религија, посебно со погледите на христијанството, коишто ги одразуваат мислите и разбирањата на угнетените луѓе. Во својот труд тој посебно ги акцентира елементите на рационализмот, којшто веќе ги надминува рамките на црковниот поглед кон светот.

Д-р Евгениј П. Наумов од СССР во својот труд „Српските средновековни извори за богомилството" меѓу другото истакнува дека е потребна понатамошна текстолошка обработка на српските

извори, посебно на нивниот состав терминологијата и датирањето.

Во својот реферат под наслов „Класниот и социјалниот карактер на богомилите“, м-р Драган Ташковски го прикажува богомилското движење како револуционерно и класно-социјално верско движење.

Врз основа на изворна документација проф. д-р Стјепан Антољак во својот труд под наслов „Македонските еретици во западните извори од XI и XII век“ подвлекува дека богомилството било раширено, развиено и организирано во одделни делови на Македонија, а како центар на оваа еретичка активност, го наведува денешното село Асамати крај Преспанското Езеро.

Претставникот од Турција, д-р Емил Есин во својот реферат „Меѓусебните врски на богоимлството со Централно-азиското манихејство побудува живо интересирање бидејќи трудот е придружен со илустрации за заедничките црти и врски меѓу богомилството и Централ но-азиското манихејство.

Д-р Вера Антиќ од Скопје, во својот реферат „Дуалистички траги во македонскиот фолклор“ истакнува дека дуалистичките траги во македонското народно творештво може да се сметаат како второстепени извори за богомилството.

Д-р Патрик Лекак од Франција во својот труд „Придонесот од изучувањето на „стечците“ од Босна и Херцеговина: дали стелите од Лаврагус се катари“, се задржува врз неговите најнови истражувања на стечците во Босна и Херцеговина. Слична проблематика третираат и рефератите на акад Алојз Бенац „Историски поглед кон изучувањето на стечците“, доп. член Сима Ћирковић, „Глосите на Евангелието од Сречковиќ и учењето на Босанската црква“ ,Нада Милетић, „Стечците археолошки и ликовен аспект“ и на Салих Алић, „Босанските крстјани“ и прашањето на нивното потекло и односи спрема манихејството“.

Проф. д-р Борислав Примов од Бугарија во својот реферат на тема „Ширењето и влијанието на богомилството во Западна Европа“ поопстојно ја објаснува распространетоста на богомилското движење, неговиот карактер и слично.

Д-р Џон Фајн од САД во својот труд под наслов „Резултатите од моите најнови истражувања за Босанската црква, проблематика на којашто авторот на трудот работи подолго време.

Д-р Вера Гереаздорфер од Задар, во својот реферат под наслов „Катари — богомили — трубадури“ говори за односите и врските помеѓу: катарите, богомилите и трубадурите.

Д-р Александар Стојановски од Скопје, во својот реферат под наслов „За една можна трага од богомилството во турските пописни книги од XV век“ презентира некои изворни траги од богомилство то во турските пописни книги од XV век.

Во зборникот се објавени сите реферати што навремено беа доставени за печатење. На крајот од зборникот е поместен завршниот збор на претседателот на Организациониот одбор, акад. Љубен Лапе.

Насловите на рефератите се разновидни и побудуваат живо интересирање. Во рефератите, од повеќе аспекти се осветлува не са-

мо историјата на богомилството, од неговата појава, овде на овој терен, во X век, пред ширењето на Балканот, па и на запад, до неговата најизразита манифестација во верскиот, политичкиот, и воопшто во духовниот живот на Јужните Словени.

За значењето на богомилската проблематика говори и фактот дека сите горе наведени академии на науките и уметностите во Југославија со задоволство ја прифатија иницијативата на Македонската академија на науките и уметностите со заеднички напори и усилби да биде организиран еден ваков научен собир, прв од ваков вид што се одржува во светот на оваа проблематика, посветен целосно на богомилското движење, под високото покровителство на Организацијата на Обединетите Нации за образование, наука и култура — УНЕСКО, којашто и финансиски го потпомогна организирањето на овој мошне значаен научен собир. Всушност, собирот се одржа во рамките на проектот на УНЕСКО за унапредување на проучувањето на словенските култури.

Овој факт говори за сè поголемиот интерес што постои за истражувањето на општествено-историските и културните услови и околности што го условија богомилското движење и богатството на облиците низ коешто учењето и залагањето на богомилите се изразувало во различните земји на Балканот и надвор од овој регион.

Истовремено, организирањето на овој врвен научен собир покажа колку почитувањето на националниот идентитет на културите позитивно влијае во отстранувањето на тешкотиите во продлабочувањето на соработката, колку благотворно се одразува за постојано збогатување на фондот на научните осветлувања и согледувања.

Сите трудови во зборникот се објавени на јазикот на којшто се презентирани со резиме на еден од светските јазици, а ако е објавена еден од светските јазици со резиме на македонски јазик.

Научните прилози поместени во зборникот ги засегнуваат не само прашањата за богомилството од потесниот регион на Балканот, туку и надвор од него. Тие, скоро од повеќе аспекти, ја осветлуваат не само историјата на богомилството, од неговата појава во Македонија, во X век, пред ширењето на целиот Балкански Полуостров, па и на Запад, од неговата најизразита манифестација во верскиот, политичкиот и воопшто во духовниот живот на Јужните Словени

Објавувањето на овој зборник на трудови од одржаниот научен собир претставува придонес од трајна вредност, со оглед на богатата аргументираност на прилозите, со сета наведена научна литература, со застапувањата на прилози од повеќе специјалисти од повеќе научни области, коишто му даваат можности на овој труд за поширoко ползување.

*Благој СТОИЧОВСКИ*